РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА НА ДРЖАВНИОТ ИНСПЕКТОРАТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО ЗА <u>2019 ГОДИНА</u>

**Јануари, 2020 година**

## РЕЗИМЕ

Државниот инспекторат за земјоделство до декември 2013 година беше орган во состав на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство со надлежност врз донесувањето на Законот за Државен инспекторат за земјоделство и подзаконските акти кои произлегуваат од него. Од декември 2013 година со донесувањето на Законот за изменување и дополнување на законот за државниот инспекторат за земјоделство (Службен Весник на Република Македонија број 164/2013 година), Државниот инспекторат за земјоделство од 01.05.2014 година е со својство на правно лице, има сопствена буџетска сметка од прва линија, самостојно спроведува постапки за вработување согласно Закон и одлучува за правата и обврските од работен однос. Со Инспекторатот раководи и управува директор кој го именува и разрешува Владата на Република Македонија.

Согласно член 15 став (12) од Законот за инспекциски надзор („Службен весник на Република Македонија" бр. 50/2010, 162/2010, 157/2011, 147/2013, 41/2014, 33/2015, 193/2015, 53/2016, 11/2018 и 120/2018), Директорот на Државниот инспекторат за земјоделство е задолжен до 1 март во тековната година до Инспекцискиот совет да достави годишен извештај за работа на инспекциската служба за претходната година.

Во извештајниот период Државниот инспекторат за земјоделство, своето работење го реализираше преку доследно спроведување на одредбите од законите и поблиските прописи од делокругот на работење на овој инспекциски орган, преку вршење на надзори и превземање на инспекциски мерки, кај сите субјекти, кои работаат во овие области, но секогаш навремено постапуваше и по доставените информации за одредени неправилности и злоупотреби, кога не се почитуваат одредбите од законите и поблиските прописи.

**Државнот инспекторат за земјоделство во текот на извештајниот период за 2019 година има составено севкупно 47.980 записници од извршени инспекциски надзори, при што се издадени 288 платни налози, а наплатени се 97 платен налог. Од страна на Државните фитосанитарни инспектори на 11-единаесет гранични премини** (ГП Табановце-Куманово, ГП Блаце- Скопје, ГП Ќафасан-Струга, ГП Меџитлија-Битола, ГП Богородица-Гевгелија, ГП Ново Село- Струмица, ГП Делчево -Делчево, ГП Деве Баир-Крива Паланка, ГП Скопје (Железничка станица-Товарна Скопје и Пошта-Скопје) и ГП Аеродром Александар Велики-Скопје) **и 9-девет места на утовар** (Скопје, Струмица, Штип, Кавадарци, Кочани, Ресен, Охрид, Прилеп и Тетово) **и во внатрешноста на Република Северна Македонија извршени се вкупно** 71.034 инспекциски контроли на производи, од кои 32.886 производи при увоз, на 26.698 производи при извоз, на 7.232 производи при провоз (транзит) и на 4.218 производи при реекспорт. Во 2019 година извршени се фитосанитарни прегледи на 56.556 пратки од земјоделски и шумски производи, дрвен материјал, семе и саден материјал при **увоз, извоз, провоз** (транзит) и **реекспорт**.

## 1. РЕГУЛАТОРНА РАМКА

Во извештајната **2019** година донесени се вкупно 120 измени и дополнувања на постојни закони и подзаконски акти, врз кои има директна надлежност над работењето на Државниот инспекторат за земјоделство и други прописи кои имаат индиректно влијание врз областите по кои постапува инспекторатот *(Табеларен приказ)*.

| Реден број | Назив на законот или позаконскиот акт | Број и датум на Службен весник |
|---|---|---|
| 1 | Риболовна основа за риболовна вода "Вештачко езеро - акумулација Тиквешко езеро" за период 2019 – 2024 година | 1/19 од 03.01.2019 година |
| 2 | Програма за семе и саден материјал во 2019 година | 15/19 од 23.01.2019 година |
| 3 | Програма за финансиска поддршка во рибарството и аквакултурата за 2019 година | 15/19 од 23.01.2019 година |

| | | |
|---|---|---|
| 4 | Програма за спроведување на мониторинг во областа на производството, преработката, складирањето, дистрибуцијата, употребата и сообразност на производите за заштита на растенијата и резидуи од производи за заштита на растенијата во производи од примарно земјоделско производство за 2019 година | 15/19 од 23.01.2019 година |
| 5 | Програма за фитосанитарна политика во 2019 година | 15/19 од 23.01.2019 година |
| 6 | Програма за спроведување на мониторинг во областа на производството, преработката, складирањето, дистрибуцијата, употребата и сообразноста на ѓубривата, биостимулаторите и подобрувачите на својствата на почвата, како и контрола на квалитетот на ѓубривата, биостимулаторите и подобрувачите на својствата на почвата за 2019 година | 15/19 од 23.01.2019 година |
| 7 | Програма за финансиска поддршка на руралниот развој за 2019 година | 23/19 од 31.01.2019 година |
| 8 | Закон за изменување на Законот за трговија на зелени пазари | 27/19 од 05.02.2019 година |
| 9 | Закон за дополнување на Законот за земјоделство и рурален развој | 27/19 од 05.02.2019 година |
| 10 | Закон за изменување и дополнување на Законот за основање Агенција за поттикнување на развојот на земјоделството | 27/19 од 05.02.2019 година |
| 11 | Уредба за поблиските критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2019 година | 29/19 од 05.02.2019 година |
| 12 | Програма за финансиска поддршка во земјоделството за 2019 година | 29/19 од 05.02.2019 година |
| 13 | Програма за изменување и дополнување на Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2019 година | 32/19 од 07.02.2019 година |
| 14 | Исправка на Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2019 година | 32/19 од 07.02.2019 година |
| 15 | Одлука за утврдување на дополнителна помош како мерка за исплата за продадено винско грозје | 32/19 од 07.02.2019 година |
| 16 | Правилник за формата и содржината на барањето, потребната документација за исполнетост на условите, содржината и начинот на водење на евиденцијата | 33/19 од 08.02.2019 година |
| 17 | Правилник за формата, содржината и образецот на сертификатот за сообразност на производство на органски производи со земјата увозник, како и начинот на издавањето и пропратната документација која ја придружува пратката со производи со органско потекло | 38/19 од 13.02.2019 година |
| 18 | Правилник за формата, содржината и образецот на сертификатите дека производот, процесот на производство, подготовката или пуштањето во промет на истиот е во согласност со правилата и постапките утврдени со закон, како и на евиденцијата која ја водат субјектите | 38/19 од 13.02.2019 година |
| 19 | Правилник за начинот на земање на мостри, постапката за вршење постконтрола, висината на надоместокот за постконтрола и одредување на процентот на мострите кој се вклучува во постконтролата за одделни видови земјоделски растенија | 50/19 од 05.03.2019 година |
| 20 | Правилник за изменување на Правилникот за формата и содржината на фитосанитарниот сертификат или фитосанитарниот сертификат за реекспорт и формата и содржината на пријавата за издавање на фитосанитарен сертификат | 57/19 од 18.03.2019 година |
| 21 | Повеќегодишен контролен план за надзор во областа на храната, ветеринарството и здравјето на растенијата | 60/19 од 21.03.2019 година |
| 22 | Правилник за изменување и дополнување на правилникот за поблиските дополнителни услови за поддршката од мерките за рурален развој, прифатливите трошоци и висината на поддршката за прифатливите трошоци по корисник за поединечна мерка | 77/19 од 15.04.2019 година |

| | | |
|---|---|---|
| 23 | Наредба за преземање на мерки за спречување на појава и ширење на штетниот организам Monilinia fructicola (Winter) Honey и мерки за негово сузбивање | 88/19 од 03.05.2019 година |
| 24 | Закон за управни спорови | 96/19 од 17.05.2019 година |
| 25 | Закон за прекршоците | 96/19 од 17.05.2019 година |
| 26 | Закон за тутун, производи од тутун и сродни производи | 98/19 од 21.05.2019 година |
| 27 | Правилник за изменување на Правилникот за поблиските критериуми за избор на корисници по мерките за рурален развој | 100/19 од 22.05.2019 година |
| 28 | Закон за инспекциски надзор | 102/19 од 22.05.2019 година |
| 29 | Програма за изменување на Националната програма за развој на земјоделството и рурален развој за период од 2018-2022 година | 103/19 од 23.05.2019 година |
| 30 | Уредба за изменување и дополнување на Уредбата за поблиските критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2019 година | 106/19 од 27.05.2019 година |
| 31 | Програма за изменување и дополнување на Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2019 година | 106/19 од 27.05.2019 година |
| 32 | Програма за изменување и дополнување на Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2019 година | 106/19 од 27.05.2019 година |
| 33 | Закон за изменување и дополнување на Законот за работните односи | 110/19 од 30.05.2019 година |
| 34 | Закон за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа | 110/19 од 30.05.2019 година |
| 35 | Програма за изменување и дополнување на Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2019 година | 113/19 од 03.06.2019 година |
| 36 | Правилник за изменување на правилникот за трговија на матреријали за вегетативно размножување на виновата лоза | 117/19 од 10.06.2019 година |
| 37 | Уредба за изменување на Уредбата за поблиските критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2019 година | 120/19 од 13.06.2019 година |
| 38 | Уредба за изменување и дополнување на Уредбата за видот на активности, максималниот износ по активности, корисници, субјекти кои учествуваат во постапката, поблиските критериуми и начинот за доделување на техничката поддршка во земјоделството и руралниот развој | 127/19 од 21.06.2019 година |
| 39 | Правилник за изменување на Правилникот за формата и содржината на барањето за издавање на кон тролната марка, формата и содржи ната на контролната марка, начинот на нејзиното издавање, формата, содржината и начинот на водењето на евиденцијата за издадени и иско ристени контролни марки за озна чување на брашното кое се става во промет | 142/19 од 12.07.2019 година |
| 40 | Правилник за изменување на Правилникот за пасоши за растенија. | 142/19 од 12.07.2019 година |
| 41 | Закон за изменување на Законот за земјоделство и рурален развој | 152/19 од 25.07.2019 година |
| 42 | Програма за финансиска поддршка во земјоделството за 2019 година | 158/19 од 01.08.2019 година |
| 43 | Правилник за содржината и начинот на водење на регистарот на откупувачи на тутун | 168/19 од 13.08.2019 година |
| 44 | Правилник за формата и содржината на барањето за упис во регистарот на откупувачи на тутун како и потребната документација | 168/19 од 13.08.2019 година |
| 45 | Правилник за висината и начинот на определување на реално направените трошоци во прекршочна постапка пред прекршочниот орган | 175/19 од 23.08.2019 година |

| | | |
|---|---|---|
| 46 | Правилник за содржината и начинот на водење на евиденција на прекршочните органи за сторителите на прекршок и за изречените прекршочни санкции за сторениот прекршок | 175/19 од 23.08.2019 година |
| 47 | Уредба за изменување и дополнување на Уредбата за поблискитекритериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2019 година | 181/19 од 03.09.2019 година |
| 48 | Програма за финансиска поддршка на руралниот развој за 2019 година | 181/19 од 03.09.2019 година |
| 49 | Програма за изменување и дополнување на Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2019 година. | 181/19 од 03.09.2019 година |
| 50 | Правилник за формата и содржината на барањето за добивање на овластување на наставно-научна високо образовна институција од областа на тутунското производство за спроведување на обука за вршење на процена на тутун | 181/19 од 03.09.2019 година |
| 51 | Правилник за минимално техничките стандарди и услови кои треба да ги исполнуваат опремата, хардверот и функционалноста на софтверот за електронскиот информативен систем за евиденција на тутун за пријавени, евидентирани, договорени површини и количини и откупени количини тутун по производители, откупувачи, по типови и класи на тутун, по реколти поединечно, начинот на користење, одржување и надградба на истиот | 181/19 од 03.09.2019 година |
| 52 | Закон за изменување и дополнување на Законот за основање на Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој | 190/19 од 16.09.2019 година |
| 53 | Правилник за формата и содржината на барањето за овластување на наставно-научна високообразовна институција од областа на тутунското производство за организација, подготовка и заверка на мостри тутун | 194/19 од 23.09.2019 година |
| 54 | Правилник за формата и содржината на образецот на пријавата како и начинот на доставување на пријавата за производството, површините, типовите тутун и очекуваното производство на необработениот тутун | 194/19 од 23.09.2019 година |
| 55 | Правилник за формата и содржината на барањето за полагање на испитот за добивање на лиценца за процена на тутун, лиценцата за процена на тутун, начинот на пријавувањето и спроведувањето на испитот како и програмата и потребната литература за полагање на испит за добивање на лиценца за процена на тутунот | 194/19 од 23.09.2019 година |
| 56 | Правилник за поблиските услови кои треба да ги исполнува откупувачот на тутун за запишување во регистарот на откупувачи на тутун | 203/19 од 03.10.2019 година |
| 57 | Правилник за начинот на запишување, промената, бришењето, потребната придружна документација за запишување, начинот за ракување, употребата, објавувањето и чувањето на податоците од информативниот систем за евиденција на тутун | 203/19 од 03.10.2019 година |
| 58 | Уредба за видот на активности, максималниот износ по активности, корисниците, субјектите кои учествуваат во постапката, поблиските критериуми и начинот за доделување на техничката поддршка во земјоделството и руралниот развој | 208/19 од 09.10.2019 година |
| 59 | Правилник за дополнување на Правилникот за поблиските дополнителни услови за поддршката од мерките за рурален развој, прифатливите трошоци и висината на поддршката за прифатливите трошоци по корисник за поединечна мерка | 214/19 од 16.10.2019 година |
| 60 | Правилник за дополнување на Правилникот за поблиските критериуми за избор на корисници по мерките за рурален развој | 215/19 од 17.10.2019 година |

| | | |
|---|---|---|
| 61 | Правилник за изменување на Правилникот за формата и содржината на образецот на барањето за издавање на легитимација за стопански риболов, формата и содржината на образецот на легитимацијата за стопански риболов и начинот на нејзиното издавање и враќање | 215/19 од 17.10.2019 година |
| 62 | Правилник за изменување на Правилникот за формата, содржината и начинот на водење на регистарот на одгледувачи на риби, формата и содржината на образецот на барањето за запишување во регистарот, како и потребните докази за исполнување на условите за запишување во регистарот | 215/19 од 17.10.2019 година |
| 63 | Правилник за изменување на Правилникот за формата, содржината и начинот на водење на регистарот на репроцентри за производство на репродуктивен и порибителен материјал, како и формата и содржината на барањето за запишување во регистарот | 215/19 од 17.10.2019 година |
| 64 | Правилник за изменување на Правилникот за формата, содржината и начинот на водење на регистар на организации на производители, како и постапката за запишување односно бришење од регистарот | 215/19 од 17.10.2019 година |
| 65 | Правилник за изменување на Правилникот за начинот на спроведување на испитот за стопански риболов, содржината на програмата за полагање на испитот, како и формата и содржината на уверението за положен испит | 215/19 од 17.10.2019 година |
| 66 | Правилник за изменување на Правилникот за формата и содржината на образецот на дозволата за рекреативен риболов и образецот за водење евиденција, начинот на водење на евиденцијата и доставување на податоците | 215/19 од 17.10.2019 година |
| 67 | Решение за овластување за организација, подготовка и заверка на мостри тутун | 217/19 од 21.10.2019 година |
| 68 | Уредба за дополнување на Уредбата за поблиските критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2019 година | 221/19 од 25.10.2019 година |
| 69 | Програма за дополнување на Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2019 година | 221/19 од 25.10.2019 година |
| 70 | Национална сортна листа | 226/19 од 01.11.2019 година |
| 71 | Правилник за формата и содржината на идентификационата картичка за процена на тутун | 227/19 од 04.11.2019 година |
| 72 | Програма за изменување и дополнување на Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2019 година | 232/19 од 08.11.2019 година |
| 73 | Програма за изменување на Програмата за финансиска поддршка во рибарството и аквакултурата за 2019 година | 232/19 од 08.11.2019 година |
| 74 | Закон за изменување и дополнување на Законот за виното | 235/19 од 13.11.2019 година |
| 75 | Уредба за изменување и дополнување на Уредбата за видот на активности, максималниот износ по активности, корисниците, субјектите кои учествуваат во постапката, поблиските критериуми и начинот за доделување на техничката поддршка во земјоделството и руралниот развој | 236/19 од 14.11.2019 година |
| 76 | Уредба за изменување и дополнување на Уредбата за поблиските критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2019 година | 237/19 од 15.11.2019 година |
| 77 | Програма за дополнување на Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2019 година | 237/19 од 15.11.2019 година |
| 78 | Правилник за содржината и формата на Годишниот план за работа на инспекциска служба | 238/19 од 18.11.2019 година |
| 79 | Правилник за формата и содржината на месечниот план за работа на секој инспектор | 238/19 од 18.11.2019 година |

| | | |
|---|---|---|
| 80 | Правилник за формата и содржината на извештајот за работа на инспекциската служба за претходните шест месеци и на годишниот извештај за работа на инспекциските служби | 238/19 од 18.11.2019 година |
| 81 | Правилник за формата и содржината на програмите за обука за стекнување со лиценца за инспектор | 238/19 од 18.11.2019 година |
| 82 | Правилник за начинот за спроведување на испитот за стекнување со лиценца за инспектор | 238/19 од 18.11.2019 година |
| 83 | Правилник за формата и содржината на образецот за лиценца за инспектор | 238/19 од 18.11.2019 година |
| 84 | Правилник за формата и содржината на образецот на службената легитимација и значката на инспекторот, како и начинот на нивното издавање и одземање во инспекциските служби | 238/19 од 18.11.2019 година |
| 85 | Правилник за начинот на оценување и формата и содржината на образецот за оценување на учинокот на инспекторите | 238/19 од 18.11.2019 година |
| 86 | Правилник за формата и содржината на Извештајот за оценување на учинокот на инспекторите | 238/19 од 18.11.2019 година |
| 87 | Упатство за доделување на парична награда за инспектор | 238/19 од 18.11.2019 година |
| 88 | Исправка на Програмата за дополнување на Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2019 година | 243/19 од 25.11.2019 година |
| 89 | Исправка на Уредбата за изменување и дополнување на Уредбата за поблиските критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2019 година | 243/19 од 25.11.2019 година |
| 90 | Закон за изменување и дополнување на Законот за земјоделство и рурален развој | 244/19 од 26.11.2019 година |
| 91 | Правилник за елементите на проценката на ризикот, како и зачестеноста на спроведувањето на инспекциски надзор врз основа на проценката на ризик | 247/19 од 02.12.2019 година |
| 92 | Правилник за формата и содржината на записникот за извршен Инспекциски надзор | 250/19 од 05.12.2019 година |
| 93 | Правилник за формата и содржината на Решението по извршен Инспекциски надзор | 250/19 од 05.12.2019 година |
| 94 | Програма за изменување на Програмата за семе и саден материјал во 2019 година | 252/19 од 11.12.2019 година |
| 95 | Уредба за изменување на Уредбата за поблиските критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2019 година | 254/19 од 12.12.2019 година |
| 96 | Програма за изменување и дополнување на Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2019 година | 254/19 од 12.12.2019 година |
| 97 | Програма за изменување и дополнување на Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2019 година | 254/19 од 12.12.2019 година |
| 98 | Програма за изменување на Програмата за финансиска поддршка во рибарството и аквакултурата за 2019 година | 254/19 од 12.12.2019 година |
| 99 | Упатство за начинот на спроведување на инспекцискиот надзор | 255/19 од 12.13.2019 година |
| 100 | Програма за изменување на Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2019 година | 262/19 од 19.13.2019 година |
| 101 | Одлука за избор на најповолна понуда за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на рекреативната зона „Акумулација Калиманци“ | 266/19 од 23.12.2019 година |
| 102 | Одлука за избор на најповолна понуда за доделување на концесија на рибите Одлука за избор на најповолна понуда за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на рекреативната зона „Акумулација Младост“ | 266/19 од 23.12.2019 година |
| 103 | Одлука за избор на најповолна понуда за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на рекреативната зона „Акумулација Шпилје“ | 266/19 од 23.12.2019 година |

| | | |
|---|---|---|
| 104 | Одлука за избор на најповолна понуда за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на риболовниот ревир „Црна Река 1 – Демирхисарски“ | 266/19 од 23.12.2019 година |
| 105 | Одлука за избор на најповолна понуда за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на риболовниот ревир „Црна Река 4 – Мариовски“ | 266/19 од 23.12.2019 година |
| 106 | Одлука за избор на најповолна понуда за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на риболовниот ревир „Вардар 2 – Тетовски“ | 266/19 од 23.12.2019 година |
| 107 | Одлука за избор на најповолна понуда за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на риболовниот ревир „Вардар 6 – Демиркаписки“ | 266/19 од 23.12.2019 година |
| 108 | Програма за изменување на Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2019 година | 266/19 од 23.12.2019 година |
| 109 | Стратегија за производство на тутун за период 2020-2026 година, со Акционен план | 267/19 од 24.12.2019 година |
| 110 | Правилник за формата и содржината на регистрите, како и начинот на воспоставување, користење и содржината на информацискиот систем за инспекциски надзор | 271/19 од 26.12.2019 година |
| 111 | Закон за дополнување на Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост | 275/19 од 27.12.2019 година |
| 112 | Закон за дополнување на Законот за земјоделство и рурален развој | 275/19 од 27.12.2019 година |
| 113 | Закон за изменување на Законот за административни службеници | 275/19 од 27.12.2019 година |
| 114 | Закон за престанување на важењето на Законот за трговија на зелени пазари | 275/19 од 27.12.2019 година |
| 115 | Програма за спроведување на мониторинг во областа на производството, преработката, складирањето, дистрибуцијата, употребата и сообразноста на производите за заштита на растенијата и резидуи од производи за заштита на растенијата во производи од примарно земјоделско производство за 2020 година | 277/19 од 28.12.2019 година |
| 116 | Програма за фитосанитарна политика во 2020 година | 277/19 од 28.12.2019 година |
| 117 | Програма за спроведување на мониторинг во областа на производството, преработката, складирањето, дистрибуцијата, употребата и сообразноста на ѓубривата, биостимулаторите и подобрувачите на својствата на почвата, како и контрола на квалитетот на ѓубривата, биостимулаторите и подобрувачите на својствата на почвата за 2020 година | 277/19 од 28.12.2019 година |
| 118 | Програма за семе и саден материјал во 2020 година | 277/19 од 28.12.2019 година |
| 119 | Програма за финансирање на активностите во тутунското производство за 2020 година | 277/19 од 28.12.2019 година |
| 120 | Програма за финансиска поддршка во рибарството и аквакултурата за 2020 година | 277/19 од 28.12.2019 година |

***Табеларен приказ бр. 1*** *Донесени нови, измени и дополни законски и подзаконски акти и други акти во 2019 година*

## 2. УСОГЛАСУВАЊЕ СО МЕЃУНАРОДНИ СТАНДАРДИ И БАРАЊА

Фитосанитарната управа, орган во состав на МЗШВ, ја претставува Република Северна Македонија во меѓународните тела, органи и организации од областа на здравјето на растенијата и извршување на други задачи поврзани со здравјето на растенијата утврдени со закон, додека Секторот за инспекциски надзор од областа на фитосанитарна политика ги имплементира и спроведува меѓународните стандарди и фитосанитарни барања на државите.

Во таа насока и годинава продолжи соработката помеѓу Федералната служба за ветеринарен и фитосанитарен надзор (Россельхознадзор) на Руската Федерација и Државниот инспекторат за земјоделство, согласно Меморандумот за соработка меѓу Федералната служба за ветеринарен и фитосанитарен надзор (Россельхознадзор) на Руската Федерација, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Македонија и Агенцијата за храна и ветеринарство на Република Македонија кој беше потпишан на **4-ти јуни 2015** година.

Исто така, согласно досегашната меѓусебна соработка за оперативна комуникација во однос на аналогното архивско доставување на дневна основа до Россельхознадзор, преку контакт лицето од Република Северна Македонија се доставуваат издадените фитосанитарни сертификати издадени од страна на државните фитосанитарни инспектори на Република Северна Македонија. Во 2019 година се продолжи и со Информатичкиот систем на IS Argus - Fito - Authorization module phytosanitary certificate (Federal Service for Veterinary and Phytosanitary Surveillance Russian Federation 2019 ©), каде на системот преку контакт лицето од Република Северна Македонија се врши потврдување/авторизирање на фитосанитарните сертификати издадени од фитосанитарните инспектори во Република Северна Македонија. Информатичкиот систем на "Argus-Fito" е воспоставен во 2016 година.

Државниот инспекторат за земјоделство на Република Северна Македонија и Управата за заштита на растенијата при Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Србија, на 20.08.2019 година потпишаа Протоколот за контроли во патниот сообраќај на граничниот премин Табановце – Прешево, прв од ваков тип во регионот со меѓусебно признавање на сертификатите на граничните агенции – фитосанитарните и ветеринарните.

На 26.08.2019 година официјално пуштен е во употреба заедничкиот граничен премин Табановце – Прешево со концеп на „One Shop Stop", при што во двете земји се влегува и излегува со само едно застанување за регулирање на сите гранични формалности. На тој начин, времето на патување е намалено за половина, а зголемен е протокот на патници и стоки во двата правци.

## 3. НАДЛЕЖНОСТИ И ОРГАНИЗАЦИЈА

### 3.1. Основи

Државниот инспекторат за земјоделство, работите од својата надлежност ги извршува преку:

- директорот на Инспекторатот,
- државните инспектори за земјоделство и државните фитосанитарни инспектори и
- стручната служба во Инспекторатот.

Државниот инспекторат за земјоделство (ДИЗ) е основан согласно Законот за организација и работа на органите на државната управа, а својата организација, надлежности, овластувања, постапки и сл. ги врши согласно Законот за Државниот инспекторат за земјоделство. Внатрешната организација е уредена согласно Правилникот за внатрешна организација на Државниот инспекторат за земјоделство број 02-212/3 од 26.02.2016 година, а работните места во Државниот инспекторат за земјоделство се уредени согласно Правилникот за систематизација во Државниот инспекторат за земјоделство со број 02-212/2 од 26.02.02016 година.

Во рамки на Инспекторатот, формирани се 6 сектори во чии рамки се формирани 20 одделенија, а надвор од секторите како посебни организациони единици формирани се 5 одделенија. Државните инспектори во Државниот инспекторат за земјоделство во својата организациона единица се распределни на работа во 33 подрачни единици во 7 региони, на 11 Гранични премини и 9 места на утовар.

Државниот инспекторат за земјоделство, инспекциските контроли и надзори ги врши од областа на: земјоделство, руралниот развој, рибарството и аквакултура, сточарско производство и пчеларството, земјоделско земјиште и земјоделска политика и води, областа на семето и садниот материјал, производите за заштита на растенијата, квалитетот и безбедност на ѓубрива, биостимулатори, виното со лозарството, цвеќето и декоративните растенија, квалитетот и безбедност на земјоделски производи, од областа на органско земјоделско производство и генетски модифицирани организми, тутунот и тутунски производи, директните плаќања во земјоделството, и фитосанитарната политика.

Инспекциската служба има донесено Стратешки план на Државниот инспекторат за земјоделство за период од 2018-2020 година. Во ноември 2018 година е донесена Стратегија за управување со ризици на Државниот инспекторат за земјоделство за период од 2019-2023 година.

Во рамките на Државниот инспекторат за земјоделство функционира и EXIM системот – едношалтерски систем за дозволи за увоз, извоз и транзит на стоки и тарифни квоти, (www.exim.gov.mk), проект на Владата на Репубилка Северна Македонија, и истиот овозможува одобрување на поднесените барања за дозволи и издавање на дозволите од извршените контроли на пратките.

### 3.2. Административни постапки

Евиденцијата на инспекциските надзори и превземените инспекциски мерки и постапки секој инспектор одделно ги води во Уписникот за предметите од првостепена инспекциска постапка (ИП1), согласно Правилникот за формата, содржината и начинот на водење на инспекциската евиденција, како и содржината на извештаите од инспекциската статистика („Службен весник на Република Македонија“ број 165/2011 година), како и во Образец 11- Регистар на извршени инспекциски надзори согласно Правилникот за формата и содржината на регистарите од интерес на инспекцискиот совет („Службен весник на Република Македонија“ број 44/2015 година). Пополнувањето на Обарзец 11 (внесот на податоците од извршените инспекциски надзори и превземените мерки и постапки) е организирано така што секој инспектор го пополнува образецот и на месечно ниво го доставува до претпоставениот раководител, потоа собраните податоци од инспекторите во секторот се доставуваат до задолжениот службеник за спојување на податокот, како целина на ниво на Државниот инспекторат за земјоделство и на месечно ниво за 2019 година, Образец 11 се доставуваше до Инспекцискиот совет.

### 3.3. Безбедност и комуникација

Државниот инспекторат за земјоделство комуникацијата помеѓу вработените и меѓу институциите ја врши писмено преку архивата на Инспекциската служба, како и електронски преку службените електронски пошти на варaботените кои го користат domain –от @diz.gov.mk.

### 3.4. Информациска и комуникациска технологија

Државниот инспекторат за земјоделство располага со следнава информатичка опрема: 162 компјутери, 106 лаптоп компјутери, 3 таблети кои работат на оперативен систем Windows 7, 163 принтери, 3 скенери, 2 сервери, 33 УПС уреди и 1-еден уред огнен sид (*firewall*). Од страна на ЕУ (Европска Унија) на име на Државниот инспекторат за земјоделство, во 2018 година, врз основа на IPA проект за набавка на лабораторска опрема, опрема за службени контроли, ИТ опрема за фитосанитарната служба има донирани се вкупно 33 лап топ комјутери. За извештајната 2019 година има набавка на 1 статичен компјутер, 1 лаптоп и 1 принтер.

Компјутерите се поврзани мрежно со еден главен рутер и повеќе свичови. Во централнот седиште на Државниот инспекторат за земјоделство се користи оптички интернет, додека подрачните единици и граничните премини се приклучени на ADSL интернет линија. Државните инспектори за земјоделство користеа SDI софтвер во кој ги внесуваа податоците од извршените инспекциски надзори, Но истиот не е одржуван и не дозволува креирање на нови корисници, периодично не дозволува повелкување на постоечки и внесување на нови податоци и сето тоа го прави нефункционал подолго од 6 години, додека фитосанитарните инспектори користат софтвер таканаречен „Главен информативен систем за гранична фитосанитарна инспекција" кој се користи за електронска евиденција на пратки од увоз, реекспорт, транзит и извоз.

Државниот инспекторат за земјоделство има потреба од софтверската аликација која треба да овозможи автоматизирање на деловните процеси и работните активности на инспекторите и да ги поврзе и обедини работните процеси од Државните инспектори за земјоделство и Државните фитосанитарни инспектори (граничната и внатрешната фитосанитарна инспекција) за да се оствари целина на ниво на Државниот инспекторат за земјоделство. Ова софтверската апликација треба да ги опфаќа сите деловни процеси кои се одвиваат во ДИЗ и да овозможи структурално да биде компатибилна со барањата на Инспекцискиот совет, Законот за општа управана постапка, Уписникот за предметите од првостепена инспекциска пострапка (ИП1) и други позитивни законски прописи. На тој начин ќе се овозможи комплетна поврзаност на процесите и активностите во рамките на ДИЗ и поедноставување, олеснување на работата на директните корисници, при евиденција на контролите и при изготвување на извештаии на сите нивоа.

Државниот инспекторат за земјоделство започна со тестирање на FIDIS системот во 2017 година и истото е активно во 2019 година, тоа е модулот наменет за електронско поднесување и администратирање на барања за издавање на сертификати, уверенија и придружни документи кои се издаваат од страна на инспекторатот ***за извоз на вино и тутун.***

Сите евиденции од податоци кои Државниот инспекторат за земјоделство ги користи за изработка на извештаи и анализи до Влада, Министерство и Инспекциски совет, како и за своја интерна употреба се водат во excel табели.

### 3.5. Управување со финансиски и нефинансиски ресурси

Врз основа на Буџетот на Република Северна Македонија за 2019 година и Закон за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2019 година („Службен весник на Република Северна Македонија" број 238/18"), ДИЗ располага со буџет во вкупен износ од 133.205.000,00 денари, од кои:

- за плати и надоместоци 78.773.000,00 денари;
- за стоки и услуги 38.206.000,00 денари
- субвенции и трансвери 376.000,00 денари и
- за капитални расходи 15.850.000,00 денари.

Државниот инспекторат за земјоделство располага со 69 возила и 2 чамци, од кои 12 возила и 1 чамец се во неисправна состојба (за расходување). Поголемиот дел од постоечките 31 возила се во амортизирана состојба, а нивното сервисирање е нерентабилно бидејќи во моментот се трошат повеќе финансиски средства за поправка и одржување. Во предходната 2018 година година возниот парк на Државниот инспекторат за земјоделство се обнови со 25 моторни возила и 1 комбе со ладилник (11 со сопствени средства и 15 преку проектот IPA од ЕУ донации).

Во извештајната 2019 година година возниот парк на Државниот инспекторат за земјоделство покрај горенаведените 69 возила се обнови со уште **3-три нови моторни возила** (со сопствени средства).

Повеќето од инспекторите се задолжени со возилата со кои моментално располага Државниот инспекторат за земјоделство. Секој од инспекторите кои се корисници на возилата се задолжени на месечно ниво да доставува извештај за користење на возилото кој треба да содржи изминати километри и потрошено гориво за што е донесен и „Правилникот за користење и сервисирање на возниот парк на Државниот инспекторат за земјоделство, набавки, начин на користење на горивото и начинот на користење и следење на GPRS системот" арх. бр. 02-952/1 од 02.11.2017 година.

Сите инспектори и поголемиот број вработени во инспекциската служба располагаат со службени телефонски броеви и службени мобилни телефони. Истите се доделуваат од веќе воспоставената пракса секој корисник на службен мобилен телефон да потпише реверс при подигањето на мобилниот апарат. Висината на сметката која паѓа на товар на инспекторатот е утврдена согласно Одлуката на Владата на Република Македонија за определување на правото за користење на службен мобилен телефон и за ограничување на износот на сметката сметката ("Сл. весник на РМ" бр. 15/03, 121/06, 158/07, 64/09, 119/9 и 81/10).

## 4. ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

### 4.1. Основи

Во извештајната 2019 година, не се донесени нови и измени на постојните законски и подзаконски акти кои се однесуваат на статусот на вработените и управување со човечки ресурси во инспекциската служба. Важечки се донесените правилници во 2016 година од минстерот за земјоделство, шумарство и водостопанство на предлог на директорот на инспекторатот, и тоа:

1. Правилникот за внатрешна организација на Државниот инспекторат за земјоделство со број 02-212/3 од 26.02.2016 година и

2. Правилник за систематизација на работните места во Државниот инспекторат за земјоделство со број 02-212/2 од 26.02.02016 година.

### 4.2. Број на вработени

Во овој извештаен периодот за 2019 година во Државниот инспекторат за земјоделство, вработени се: 1 директор, 111 инспектори и 41 стручно административни службеници.

| **Вкупно вработени во Државниот инспекторат за земјоделство по години:** | Главен инспектор | Виш инспектор | Инспектор и инспектори со привремена лиценца | Самостоен инспектор | Помлад инспектор | Инспектор на пробна работа (без лиценца) | Раководител на сектор | стручно административни службеници | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **2019 година** | 2 | 3 | 100 | 3 | 2 | 1 | 0 | 42 | **153** |
| **2018 година** | 3 | 2 | 101 | 3 | 2 | 1 | 1 | 42 | **155** |
| **2017 година** | 4 | 4 | 88 + 7 | 3 | 2 | 9 | 1 | 40 | **158** |
| **2016 година** | 3 | 4 | 98 | 1 | 2 | 12 | 1 | 42 | **163** |
| **2015 година** | 3 | 4 | 90 | 3 | 2 | 25 | 1 | 37 | **165** |

*Табеларен приказ бр.2-1. Споредбени податоци на вработени во ДИЗ за 2015, 2016, 2017, 2018 и 2019 година*

| Вкупно вработени во Државниот инспекторат за земјоделство за 2019 година | | | Главен инспектор | Виш инспектор | Инспектор и инспектори со лиценца | Самостоен инспектор | Помлад инспектор | Инспектор на пробна работа (без лиценца) | Раководител на сектор | Раководител на одделение | стручно административни службеници- советник | стручно административни службеници- виш | стручно административни службеници- соработник | стручно административни службеници- помлад соработник | стручно административни службеници- самостоен референт | стручно административни службеници- референт | стручно административни службеници- помлад референт |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| I | | *Сектор за инспекциски надзор од областа на земјоделството со руралниот развој, органското производство, тутун и тутунските производи и квалитет на земјоделски производи* | 1 | | | | | | | | | | | | | | |
| | 1 | Одделение за инспекциски надзор од областа на земјоделството и руралниот развој | | | 10 | | | | | | | 1 | | 2 | | | |
| | 2 | Одделение за инспекциски надзор од областа на органското производство | | | 3 | | | | | | | | | | | | |
| | 3 | Одделение за инспекциски надзор од областа на тутунот и тутунските производи | | | 3 | 1 | | | | | | | | 1 | | | |
| | 4 | Одделение за инспекциски надзор од областа на квалитет на земјоделски производи | | | 2 | | | | | | | | | 1 | | | |
| II | | *Сектор за инспекциски надзор од областа на рибарството со аквакултурата, сточарството, пчеларството, земјишната политика со поледелско производство* | | | | | | | | | | | | | | | |
| | 1 | Одделение за инспекциски надзор од областа на рибарството со аквакултурата | | 1 | 6 | | | | | | | 1 | | 1 | | | |
| | 2 | Одделение за физичка заштита на риболовни води | | | | | | | | 1 | 2 | | | | | 6 | |
| | 3 | Одделение за инспекциски надзор од областа на сточарството со пчеларство | | | 2 | | | | | | | | 1 | | | | |
| | 4 | Одделение за инспекциски надзор од областа на земјишната политика со поледелски култури | | 1 | 11 | | | | | | | | | 2 | | | |
| III | | *Сектор за инспекциски надзор од областа на семе, саден материјал, производи за заштита на растенија, квалитет и безбедност на ѓубриња, биостимулатори и подобрувачи на својствата на почвата, цвеќе, генетски модифицирани организми, и виното и лозарството* | 1 | | | | | | | | | | | | | | |
| | 1 | Одделение за инспекциски надзор од областа на семе саден материјал, производи за заштита на растенија, квалитет и безбедност на ѓубриња, биостимулатори и подобрувачи на својствата на почвата | | 1 | 13 | | | | | | | | | | | | |
| | 2 | Одделение за инспекциски надзор од областа на цвеќе и генетски модифицирани организми | | | | | 1 | | | | | | | | | | |
| | 3 | Одделение за инспекциски надзор од областа на вино со лозарство | | | 3 | | | | | | | | | 0 | | | |
| IV | | *Сектор за инспекциски надзор од областа на фитосанитарната политика* | | | | | | | | | | | | | | | |
| | 1 | Одделение за за инспекциски надзор од областа на фитосанитарната политика на граничен премин | | | 24 | | | 1 | | | | | | 1 | | | |
| | 2 | Одделение за за инспекциски надзор од областа на фитосанитарната политика во внатрешноста на државата | | | 23 | 2 | 1 | | | | | 1 | | 1 | | | |
| V | | *Сектор за логистика и техничка поддршка, правни работи, планирање и обработка на податоци* | | | | | | | | | | | | | | | |
| | 1 | Одделение за правни работи | | | | | | | | | 0 | | | 0 | | | |
| | 2 | Одделение за информатички технологии | | | | | | | | | | | | 1 | | | |
| | 3 | Одделение за планирање и обработка на податоци | | | | | | | | | 1 | | | 1 | 1 | | 1 |
| VI | | *Сектор за проекти и административна поддршка на директорот* | | | | | | | | | | | | | | | |
| | 1 | Одделение за проекти | | | | | | | | 1 | 1 | | | | 1 | | |
| | 2 | Одделение за административна поддршка на директорот | | | | | | | | | 1 | | | | 1 | | 3 |
| | 3 | Одделение за анализа на ризик | | | | | | | | 1 | | | | 1 | | | |
| | 4 | Одделение за внатрешна контрола | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | *Самостојни одделенија* | | | | | | | | | | | | | | | |
| | 1 | Одделение за внатрешна ревизија | | | | | | | | | 1 | | | | | | |
| | 2 | Одделение за управување со човечки ресурси | | | | | | | | 1 | 2 | | | | | | |
| | 3 | Одделение за финансиски прашања | | | | | | | | | 1 | | | | | | |
| *Вкупно* | | | 2 | 3 | 100 | 3 | 2 | 1 | 0 | 4 | 9 | 3 | 1 | 12 | 3 | 6 | 4 |

*Табеларен приказ бр.2. Вработени во Инспекциската служба 2019 година*

### 4.3 Обуки и стручно оспособување

Во текот на 2019 година со цел зајакнување на капацитетите на земјоделските и фитосанитарните инспектори заради нивна едукација и усовршување беа реализирени вкупно 18- обуки/работилници преку BTSF, GTZ, FAO и IPA 2015 на која присуствуваа 370 инспектори вклучувајќи и други административни службеници во 8-странски земји и 10-обуки во Р. С. Македонија.

| Ред. бр | Име и презиме на инспектор или друго лице во ДИЗ | Назив на обуката | Организатор на обуката | Дата и место на одржување |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 6 фитосанитарни инспектори | Експертска мисија за условите за увоз во ЕУ за компири | TAIEX | 21.01.2019 година во Скопје |
| 2 | 1 фитосанитарен инспектор | Обука - Истражувања на здравјето на растенијата – Сесија 3 | DG SANTE „ Better Training for Safer Food“ | 19.02.2019 до 22.02.2019 година во Порто, Португалија |
| 3 | 111 земјоделски и фитосанитарни инспектори | Модернизација на инспекциските служби (имплементиран од ИДЕАС ДеПо) генерални обуки за инспекторите на тема „Методолигија за вршење на инспекциски надзор и лични вештини“. | Инспекцискиот совет во соработка со Министерството за информатичко општество и Проектот на УСАИД | февруари до март 2019 година, Битола, Штип и Скопје во периодот од |
| 4 | 153 инспектори и административни службеници | Безбедност и здравје при работа | Државен инспекторат за земјоделство, преку ПРОРИСК консултанско биро | февруари до март 2019 година ДИЗ МРТВ кат 13, Скопје |
| 5 | 11 представници од Државен инспекторат за земјоделство и Фитосанитарната управа. | Експертска мисија за подготовка на стратегијата за вршење на фитосанитарна инспекција базирана на ризик | TAIEX | 13.05.2019 до 17.05.2019 година во Скопје - Работилница |
| 6 | 2 претсавника од Сектор за фитосанитарна политика на гранични премини и во внатрешноста на државата | Олеснување на трговијата во Југоисточан Европа - Регионална конференција за намалување на меѓуцаринските бариери во меѓусебната трговија од земјите на ЦЕФТА | ГТЗ | 11.06.2019 до 12.06.2019 година во Тирана Република Албанија - Конференција |
| 7 | Гоце Петровски<br>Јован Бојчовски | Објаснувачки состанок за поглавје 13 рибарство | Европска Комисија | 12 и 13.06.2019 година, Брисел |
| 8 | 1 Државен инспекторат за земјоделство (државен фитосанитарен инспектор) Валентина Стојановска. | Подршка за олеснување на трговијата помеѓу ЦЕФТА партнерите (Взаемно признавање на процедурите и документација за интра-цефта трговија со овошје и зеленчук) - конференција | ГТЗ | 11 до 12.07.2019 година во Будва |
| 9 | 5 - Државен инспекторат за земјоделство | Тренинг обука за изработка на документ за Ризик – основи на управување во здравјето на растенијата-работилница | Светска Банка | 16.07.2019 до 19.07.2019 година во Велес |
| 10 | 1 - Државен фитосанитарен инспектор - Драган Маневски | Тренинг обука за TRACES систем за увоз на живи растенија во ЕУ | DG SANTE „ Better Training for Safer Food“ | 16 до 19.07.2019 година во Латвија (Рига ) |
| 11 | 8 - Државен инспекторат за земјоделство, МЗШВ, ФЗНХ | Презентацијата од работилницата - прирачникот за инспекциски надзор над квалитетот на свежо овошје и зеленчук, | ИПА проектот „Заедничко уредување на пазарите“ | 09.08.2019 година, ДИЗ |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 12 | 6 - Државен инспекторат за земјоделство, МЗШВ, ФЗНХ | Првиот дел од презентацијата ќе се однесува на „Препораки за законодавството и подобрување на капацитетите на ДИЗ" , а вториот дел презентирање на работната верзија на „Прирачникот за контрола на квалитетот на свежо овошје и зеленчук". | ИПА проектот „Заедничко уредување на пазарите" експертот Стела Виткова „Introduction and implementation of Common Market Organization measures" EuropeAid/139105/DH/SER/MK, развиен е овој Прирачник за инспектор за контрола на квалитетот на свежите овошја и зеленчук | 22.08.2019 година, МЗШВ |
| 13 | 40 - Државен инспекторат за земјоделство, Државната фитосанитарна лабораторија и Фитосанитарната управа | Правила за увоз на растенија и растителни производи од 1 септември 2019 година – работилница | IPA 2015 проектот-Подобрување на имплементацијата за здравјето на животните, безбедноста на храната и фитосанитарното законодавство и соодветните информативни системи EuropeAid/139253/DH/SER/MK | 16.09.2019 година во салата на ДИЗ во Скопје |
| 14 | 1 - Државен инспекторат за земјоделство (државен фитосанитарен инспектор) Валентина Стојановска | Студиска посета на ЛАТВИЈА (Студиска посета на латвиската служба за храна и ветеринарство) | ГТЗ | 17 до 19.09.2019 година во Латвија (Рига и Даугавпилс) |
| 15 | 1 - Државен инспекторат за земјоделство Билјана Талевска. | Програмите за надзор на здравјето на растенијата – Сесија 6- обука | DG SANTE „ Better Training for Safer Food" | 16 до 19.09.2019 година во во Букурешт и Синаија, Романија |
| 16 | 1 - Државен инспекторат за земјоделство | Програми за надзор на здравјето на растенијата – Сесија 6 | DG SANTE „ Better Training for Safer Food" | 04.11.2019 до 07.11.2019 година во Бари, Италија |
| 17 | 3-Државен инспекторат за земјоделство, Фитосанитарната управа, Факултет за земјоделски науки и храна, Светска Банка | Работилница за Ризик категоризација во здравјето на растенијата – (Категори на регулирани штетници на растенијата и нивните домаќини ) | IPA 2015 проектот и Светска Банка | 12 до 13.12.2019 година во Велес |
| 18 | 18 - Државен инспекторат за земјоделство и Фитосанитарната управа | "Национална обука за надзор на штетниците кај растенијата" и "Национална обука за фитоаснитарна сертификација", со цел поддршката за зајакнување на националните системи за надзор на штетниците кај растенијата и за фитосанитарната сертификација | ФАО | 16 до 18.12.2019 година во Скопје |
| ВКУПНО | 370 | | | |

*Табеларен приказ број 3: Стручно оспособување и усовршување на инспекторите*

**2015 година:**

Во извештајниот период одржани се **19 обуки**/работилници на кои присуствувале вкупно 97 надлежни инспектори и 6 администартивни службеници.

**2016 година:**
Во извештајниот период одржани се **18 обуки**/работилници на кои присуствувале надлежните инспектори, по квартали (I-126 инс., II-35 инс., III-30 инс., IV-105 инс.) и 4 административни службеници.

**2017 година:**
Во текот на 2017 година со цел зајакнување на капацитетите на фитосанитарните инспектори заради нивна едукација и усовршување беа реализирени вкупно **9-девет обуки** преку BTSF и IPA 2012 на која присуствуваа 8 инспектори и административни службеници во странски земји и 26 во Р. Македонија.

**2018 година:**
Во текот на 2018 година со цел зајакнување на капацитетите на земјоделските и фитосанитарните инспектори заради нивна едукација и усовршување беа реализирени вкупно **9-девет обуки** преку BTSF, Инфо софтинг и IPA 2012 на која присуствуваа 140 инспектори и 12 административни службеници во 4-странски земји и 5-обуки во Р. Македонија.

**2019 година:**
Во текот на 2019 година со цел зајакнување на капацитетите на земјоделските и фитосанитарните инспектори заради нивна едукација и усовршување беа реализирени вкупно **18-обуки** преку BTSF, BTSF , GTZ, FAO, IPA 2015 и др. на која присуствуваа на која присуствуваа 370 инспектори вклучувајќи и административни службеници во 8-странски земји и 10-обуки во Р. С. Македонија.

| Ред. бр | Години | Вкупно обуки | Учесници |
|---|---|---|---|
| 1 | 2015 година | 19 | 103 |
| 2 | 2016 година | 18 | 300 |
| 3 | 2017 година | 9 | 34 |
| 4 | 2018 година | 9 | 152 |
| 5 | 2019 година | 18 | 370 |

*Табеларен приказ број 3-1: Споредбено стручно оспособување и усовршување на инспекторите за 2015, 2016, 2017, 2018 и 2019 година*

### 4.4. Интегритет

Во текот на 2019 година против државните инспектори за земјоделство се поведени 2-две поднесени барања за поведување на дисциплинска постапка, против 1-еден фитосанитарен инспектор и 1-еден земјоделски инспектор по Закон за административни службеници.

За поведена постапка против **1-еден** советник инспектор од Сектор за инспекциски надзор од областа на семе, саден материјал, производи за заштита на растенија, квалитет и безбедност на ѓубриња, биостимулатори и подобрувачи на својствата на почвата, цвеќе, генетски модифицирани организми и вино со лозарство се донесе **отказно решение**, поради постапување спротивно на Законот за работни односи (во 2 – вториот кварталниот период).

Во овој извештаен период 2015, 2016, 2017 и 2018 година:
**2015 година:**
Покренета е 1-една дисциплинска постапка за државен инспектор за земјоделство за утврдување на дисциплинска одговорност заради дисциплинска неуредност во однос на неизвршување или несовесно вршење на службената должност.

**2016 година:**
Против државните инспектори за земјоделство се поведени 3-три дисциплински постапки, за утврдување на дисциплинска одговорност заради дисциплинска неуредност во однос на неизвршување или несовесно вршење на службената должност.

**2017 година:**
Против државните инспектори за земјоделство се поведени 5-пет барања за поведување на дисциплински постапки, за утврдување на дисциплинска одговорност заради дисциплинска неуредност во однос на неизвршување или несовесно вршење на службената должност до Инспекциски совет и 3-три барања за поведување и утврдување на дисциплинска постапка до Агенцијата за администрација.

**2018 година:**
Против државните инспектори за земјоделство се поведени 3-три поднесени барања за поведување на дисциплинска постапака, против 2-два инспектори (земјоделски и фитосанитарен инспектор). За 1-еден земјоделски инспектор по Закон за инспекциски надзор и Закон за административни службеници и за 1-еден фитосанитарен инспектор, против барање за поведување на дисциплинска постапака по Закон за инспекциски надзор.

### 4.5. Наградување и унапредување

Во текот на 2019 година има унапредување на еден советник инспектор во Виш инспектор со одлука на ден 31.05.2019 година, врз основа на Законот за административни службеници се донесени 4-четири Одлуки за избор за унапредување на административен службеник од кој 1-еден - Раководител на Одделение за инспекциски надзор од областа на семе, саден материјал, производи за заштита на растенија, квалитет и безбедност на ѓубрива, биостимулатори и подобрувачи на својствата на почвата во Република Северна Македонија (Ненад Бошев).
**2015, 2016, 2017 и 2018 година:**
Во овој извештаен период 2015, 2016, 2017 и 2018 година, нема наградено и унапредено инспектори.

## 5. ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР

### 5.1. Административен капацитет за вршење на инспекциски надзор

Во извештајната 2019 година сите видови на извештаи од извршени инспекциски надзори и нивни анализи се вршат во excel табели. Планирањето на надзорите е согласно Правилник за формата и содржината на Месечниот план за работа на секој инспектор („Службен весник на Република Македонија“ број 44/2015 година) и надзорите се планираат несубјективно и по ризична област на делување во зависност од периодот за кој се врши планирање и сензитивноста на областа која е приоритетна за вршење на надзор. Иако согласно Правилникот за внатрешна организација на Државниот инспекторат за земјоделство е организационо предвидено и Одделение за анализа на ризик, ова одделение сеуште не е екипирано со стручен човечки ресурс и нема доволен капацитет за целосно извршување на анализите и анализите на ризик на ниво на Инспекциската служба.

Инспекциската служба има донесено Стратешки план на Државниот инспекторат за земјоделство за период од 2018-2020 година.

Државниот инспекторат за земјоделство има потпишано меморандуми за соработка со Агенцијата за храна и ветеринарство, Царинската управа на Република Македонија со Централен регистар, АВРМ и размената на податоци помеѓу овиие инстутии е по потреба. Посебни пропишани методологии, заеднички системи кои ги поврзуваат во нивното работење

во моментот нема, а кои се многу важни за понатамошното работење на Инспекциската служба.

### 5.2. Остварување на претпоставките за проценките на ризици во областите на инспекциски надлежности

Основна задача на Државниот инспекторат за земјоделство е да ги идентификува субјектите кои при вршењето на дејностите не се придржуваат кон законската регулатива и да преземат мерки за нивно санкционирање и санирање на повредите на законските процедури. Законската рамка која се регулира во секторите за инспекциските надзор опфаќа широк спектар на закони и подзаконски акти со кои се уредува организацијата, надлежностите и постапката на вршење на надзор од страна на секој вид на инспектор во инспекторатот.

Од извршената проценка за очекуваната состојба во областа на инспекциски надзор од аспект на ризиците за неприменување на прописите за секој вид на инспектор во инспектор во Државниот инспекторат за земјоделство при што се лоцирани сензитивните точки по области каде инспекторатот при вршење на инспекциски надзор во 2019 година обрна големо внимание. Проценката е извршена врз основа на стекнатата пракса при долгогодишното вршење на инспекциски надзор во минатото во областите за кои е надлежен инспекторатот, законската регулатива и сл,. Во ноември 2018 година е донесена Стратегија за управување со ризици на Државниот инспекторат за земјоделство за период од 2019-2023 година.

Врз основа на проценката за очекуваната состојба во областа на инспекциски надзор од аспект на ризиците за неприменување на прописите извршено е планирање во следниве области на делување на државните инспектори за земјоделство и тоа:

- *Од областа на земоделско земјиште* од претпоставката да дојде до зголемување на противправното користење на државното земјоделско земјиште, нерационално користење на земјоделското земјиште како ограничен природен ресурс;
- *Од областа на рибарство и аквакултура* од претпоставката да дојде до зголемување на криволов и намалување на рибниот фонд како и нелегална продажба на риби на продажните места (пазари, ресторани, маркети и слично);
- *Од областа на сточарството* од претпоставката да дојде до нарушување на квалитетот на приплодниот материјал, како и намалување на сточниот фонд врз основ на несоодветна благосостојба на добитокот и нарушување на генетската варијабилност од несоодветено увезен приплоден материјал;
- *Од областа на пасиштата* од претпоставката дојде до бесправно користење на пасиштата;
- *Од областа на производи за заштита на растенијата, областа за квалитет и безбедност на ѓубрива, биостимулатори и подобрувачи на својствата на почвата, закон за семенски и саден материјал на земјоделски растенија* од претпоставката дојде до - увоз и пласирање на производи за заштита на растенијата, ѓубрива, биостимулатори и подобрувачи на својства на почвата, семенски и саден материјал на земјоделски растенија кои го немаат квалитетот согласно законските одредби, пласирање на Т+ отрови кои се директна закана за животот на луѓето, животните и растенијата и животната околина, производство на производи за заштита на растенијата, ѓубрива, биостимулатори и подобрувачи на својства на почвата, семенски и саден материјал на земјоделски растенија без соодветен квалитет што директно може да биде закана по животот на човекот, животните, растенијата и животната средина;
- *Од областа на виното* - увоз на вино и пуштање на увезеното вино во промет без истото да има физичко – хемиска анализа издадена од соодветна лабораторија, производство на вино и негова класификација спротивно на законските одредби;
- *Од областа на земјоделството и руралниот* развој може да ги предизвика следните ризици - нарушување на пазарот со земјоделски производи, нелојална конкуренција, нелегален откуп на земјоделски производи, максимално искористување на природните ресурси и

непочитување на начелата за заштита на природата, животната средина и човекот, незаконско добивање или ненаменско користење на средства од програмите за финансиска поддршка, оштета на земјоделските стопанства со недобивање на финансиски средства;

- *Од областа на тутунот и тутунските производи* - нестабилно производство, нелојална конкуренција, нелегален откуп на тутун, оштетени производителите на тутун;
- *Од областа на квалитетот на земјоделски производи* - неквалитетен земјоделски производ, нелојална конкуренција, оштетени граѓаните на Република Македонија;
- *Од областа на органското производство* - производство и продажба на неоргански земјоделски производи како органски, нелојална конкуренција, оштетени граѓаните на Република Македонија;
- *Од областа на за здравјето на растенијата* би дошло до неконтролирана појава на штетни организми кај растенијата и растителните производи, при што би се довело до загрозување на одредени видови на земјоделски растенија како и намалено производство на храна и
- *Од областа на производи за заштита на растенијата* – масовна појава на небезбедни производи кои би претставувале опасност по здравјето на луѓето, домашните животни и нарушување на биодиверзитетот на животната средина.

### 5.3. Координирани инспекциски надзори

Државниот инспекторат за земјоделство заради широкиот спектар на разнородни законски овластувања и надлежности при своето работење соработуваше со следните институции: Царинска управа на Република Македонија, Министерство за внатрешни работи – МВР, Национален координативен центар за гранично управување – НКЦГУ, Централен регистер на Република Македонија, Управа за јавни приходи – УЈП, АВРМ-Агенција за вработување на Република Македонија, Државен инспекторат за животна средина и природа – ДИЖС, Финансова полиција и др.

Согласно **Закон за земјоделско земјиште (пожари)**

Во врска со заклучоците кои произлегоа од координативниот состанок помеѓу преставници на сите инспекторати, преставници од Министерството за внатрешни работи, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за земјоделство шумарство и водостопанство, како и единиците на локалната самоуправа, за превземање на координативни активности и зајакнати контроли во насока на борба и спречување на загадувањето на воздухот на територијата на Република Северна Македонија, Државниот инспекторат за земјоделство до сите државни инспектори за земјоделство достави задолжување/наредба секојдневно, континуирано спроведување надзори на цела територија на Република Северна Македонија, се со цел запирање на трендот на загадувањето на воздухот, палењето на стрништа, палењето на шумите и друга вегетација, а контролите на терен да се вршат самоницијативно или тимски со преставници на Министерството за внатрешни работи, Територијална противпожарна единица, онаму каде има земјоделски површини и постои опасност од палење на стрништа и друга вегетација.

Согласно горенаведеното заклучно до 26.11.2019 година од страна на државните инспектори за земјоделство извршени се повеќе од 452 контроли. За сторен прекршок, спротивно на член 46 став (2), казниво по член 61 став (3) од Законот за земјоделското земјиште, издадени се 43 прекршочни платни налози и поднесени се 11 барања за поведување на прекршочна постапка до Прекршочна комисија, а констатирана е пожарена површина од околу 270 хектари.

Согласно **Закон за рибарство и аквакултура**

Во координиран инспекциски надзор во деновите 16 и 17 Март 2019 година, Државниот инспекторат за земјоделство, во координирана акција со МВР од ПС за ГП и ГН – Богородица и ПС за ГП и ГН – Стар Дојран, во водите на Дојранското езеро беа пронајдени 123 рибарски мрежи од различен вид и големина на окца со единечна должина од 50 – 70 метри или вкупна должина од 6150 – 8610 метри и еден Струк (конец на кој на секој два метри се поставени јадици) во должина од околу 200 метри. Во текот на акцијата, 13 инспектори од Државниот инспекторат за земјоделство, извршија инспекциски надзор над 8 угостителски објекти кои се лоцирани на Дојранското крајбрежје. Во еден угостителски објект беа одземени 29 килограми риба од видот крап, поради не поседување на документација за потекло, додека во три угостителски објекти надлежните инспектори, издадоа Решенија со кои правните субјекти се задолжија да доставaт документација за потекло на рибата најдена во нивниот угостителски објект (http://diz.gov.mk). (Пролог слики).





## 5.4. Инспекциски надзор

### 5.4.1. Записници за инспекциски надзор

Во извештајната 2019 година, Државниот инспекторат за земјоделство преку надлежните инспектори има составено вкупно 47980 записници од извршени инспекциски надзори, додека согласно кварталните планови за работа има испланирано вкупно 38073 надзори, односно бројот на извршени инспекциски надзори е во целост исполнет и надминат.

Во извештајната 2019 година заклучно месец декември 2019 година 111надлежни инспектори вршеле инспецики надзори и во просек во однос на вкупниот број на извршени надзори изнесува по 432.3 составени записници од извршени надзори.

| Планирани од 01.01.2019 до 31.12.2019 година | | | Иврешени од 01.01.2019 до 31.12.2019 година | | | Просечен број на записници по инспектор |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Редовни | Контролни | Вонредни | Редовни | Контролни | Вонредни | |
| 2903 | 399 | 34771 | 2726 | 810 | 44444 | 432.3 |
| **Вкупно** | | **38073** | | | 47980 | |

*Табеларен приказ бр.4. Планирани и извршени надзори во 2019 година*

Во извештајната 2019 година бројот на составени записници од извршени инспекциски надзори во однос на извештајната 2018 година е зголемен за 1,4 %, а во однос на извештајната 2017 година е зголемен за 32,86 %. Зголемувањето од 344,4 % споредбено со 2016 година се должи на тоа што Државниот инспекторат за земјоделство во кварталните извештаи ги иззема надзорите кои се по барање на правни и физички лица, поточно за предметни надзори кои се извршени во согласност со:

- Правилникот за висината на надоместокот за извршените работи на Држаниот инспекторат за земјоделство;
- Правилникот за формата и содржината на издавање на уверението за квалитет-сертификат и образецот на барањето и
- Правилникот за формата и содржината на фитосанитарниот сертификат или фитосанитарниот сертификат за реекспорт и формата и содржината на пријавата за издавање на фитосанитарен сертификат („Службен весник на Република Македонија“ број 113/10, 08/11, 123/15 и 214/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 57/19).

| Извршени надзори | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **година** | **Редовни** | **Контролни** | **Вонредни** | **Вкупно** |
| **2015** | 16260 | 1314 | 16724 | 34298 |
| **2016** | 3603 | 1195 | 5447 | 10245 |
| **2017** | 6926 | 903 | 26441 | 34270 |
| **2018** | 5396 | 832 | 38672 | 44900 |
| **2019** | **2726** | **810** | **44444** | **47980** |

*Табеларен преглед бр. 4а со Извршени надзори за период 2015, 2016, 2017 2018 и 2019 година*




*Графикон бр.4б. Извршени надзори 2017, 2018 и 2019 година*

### 5.4.2. Записници со запрена постапка

Државниот инспекторат за земјоделство во извештајната 2019 година од вкупно составените записници 47980 од извршени инспекциски надзори за 47952 надзори е затворено постапката, а активни се 28 предмети за кои надлежните инспектори имаат превземено определена инспекциска мерка, издадени прекршочни платни налози и по истите сеуште нема постапка пред надлежен прекршочен орган: Комисија или Надлежен Суд. Согласно ЗИН чл. 41 е избришан во јули 2016 година и од тогаш па наваму бројот на запрени постапки не сме во

можност да ги прикажеме реално со оглед да има започнати постапки со инспекциски мерки (решенија, едукации, наредби и сл.) и истите со контролни надзори се запрени за оние кои постапиле по инспекцискиот акт, а за останатите е поведена постапка пред надлежен орган. Во оваа извештајна година записници со незапрена постапка се прикажани само оние за кои не е поведена постапка пред надлежен орган по неплатен прекршочен платен налог, односно за 28 активни предмети.




*Графички приказ на Табела бр.5а Споредбени податоци на записници со запрена постапка и записници со незатворена постапка*

Бројот на запрени постапки во 2019 година **е зголемен за**: 6,94 % во однос на бројот на запрени постапки во 2018 година, 40,45 % во однос на 2017 година и 390,65 % во однос на 2016 година, прикажани во табеларен преглед:

| **Број на составени записници, записници со запрена постапка и број на активни предмети каде постапката не е затвроена** | | | |
|---|---|---|---|
| Број на записници од извршени инспекциски надзори | | Број на записници со запрена постапка | Број на записници со незапрена постапка |
| **Вкупно 2015 година** | 34298 | 33514 | 784 |
| **Вкупно 2016 година** | 10245 | 9773 | 472 |
| **Вкупно 2017 година** | 34270 | 34138 | 132 |
| **Вкупно 2018 година** | 44900 | 44840 | 60 |
| **Вкупно 2019 година** | 47980 | 47952 | 28 |

*Табеларен приказ бр.5 Споредбени податоци за 2015, 2016, 2017, 2018 и 2019 година*




*Графички приказ на Табела бр.5б Споредбени податоци за 2015, 2016, 2017, 2018 и 2019 година*

### 5.4.3. Инспекциски мерки и санкции

Државниот инспекторат за земјоделство во извештајната 2019 година има извршено **47980 инспекциски надзори** при што се издадени **376 решенија** за отстранување на неправилности, спроведени се **364 едукации**, издадени се **288 платни налози**, а наплатени се **97 платен налог**. По однос на неплатени платни налози поднесени се вкупно **213 барања** за поведување на прекршочна постапка до прекршочен орган од кои **52 барања** се до прекршочна комисија во областа на земјоделството и **161 барање до Суд**, додека **неподнесени барања по однос на неплатени платни налози се 28**, и поднесени се **22 кривични пријави.**

**Од поднесените 213 барања** за поведување на прекршочна постапка **во** *извештајата 2019 година има постапувано и по предмети од 2016 година (2) и 2018 година (56), ова се случува од причини што за* постапките од прехдодните години нема систем за евиденција (електронска база) со која ќе има точни податоци, Но за истите инспекторите имаат уредна евиденција во своите предметни списи.

| Инспекциски мерки во 2019 година | Вкупно | | |
|---|---|---|---|
| | Планирано | Остварено | % |
| Вкупно инспекциски мерки | 827 | 1263 | 153 |
| Управни решенија | 426 | 376 | 88 |
| Едукации | 157 | 364 | 232 |
| Мандатни казни | 0 | 0 | #DIV/0! |
| Покани за порамнување | 147 | 288 | 196 |
| Прекршочни пријави | 92 | 213 | 232 |
| Кривични пријави | 5 | 22 | 440 |

*Табеларен приказ бр.6 Планирани и извршени инспекциски мерки во 2019 година* и *Табеларен приказ на податоците од извршени инспекциски мерки, учество во вкупниот број на записници изразено во бројки се во прилог Табела 6 на извештајот.*




*Графикон бр.6-а Приказ на инспекциски мерки и санкции за 2019 година*

Во извештајната 2019 година од страна на Државните инспектори за земјоделство издадени се вкупно **376 решенија** за отстранување на недостатоци со учество во вкупниот број на записници од 0,78 %. Во однос на 2018 година бројот на издадени решенија е намален за 37,22 %, а во однос на 2017 година е намален за 25,98 %, во однос на 2016 година бројот на издадени решенија е намален за 42,68 %, додека во однос на 2015 година е намален за 61,43%, а тоа се должи на зголемениот број на едукации кои се предвидени во материјалните закони за утврдени неправилности.







*Графикон бр.6-б и 6-в Споредбени податоци на издадени решенија и едукации за 2015 ,2016, 2017, 2018 и 2019 година*

Број на спроведени **едукации (364)** во извештајната 2019 година е зголемен за 243,39 % во однос на 2018 година (едукации 106), во однос на 2017 година (едукации 182) е зголемен за 100 % , во однос на 2016 година (едукации 128) е зголемен за 184,37 %, а додека во однос на 2015 година (147) е згомален за 147,61 %, *Учество во вкупниот број на записници во извештајната 2019 година изнесува 0,75%.*

| **година** | **Број на записници од извршени инспекциски надзори** | **Решенија** | **Едукации** |
|---|---|---|---|
| 2015 | 34298 | 975 | 147 |
| 2016 | 10539 | 656 | 128 |
| 2017 | 34270 | 508 | 182 |
| 2018 | 44900 | 599 | 106 |
| 2019 | 47980 | 376 | 364 |

Во извештајната 2019 година не се изречени **мандатни казни.**

Од изденитe 288 платни налози во 2019 година наплатени се 97 платен налог односно 33,68 % во вкупен износ од 1,453,049.oo (од оваа сума ½ е во законски рок од 8 дена). Додека за ненаплатените платни налози 191, се поднесени вкупно 213 барања до прекршочен орган (Суд и Државна Комисија), кои се прикажани во кварталните извештаи за 2019 година. **Од поднесените 213 барања** за поведување на прекршочна постапка **во** *извештајата 2019 година има постапувано и по предмети од 2016 година (2) и 2018 година (56), ова се случува од причини што за* постапките од прехдодните години нема систем за евиденција (електронска база) со која ќе има точни податоци, Но за истите инспекторите имаат уредна евиденција во своите предметни списи.







*Графикон бр.7-б и 7-в Приказ на издадени и наплатени платни налози како и поднесени барања во однос ненеплатените платни налози во 2019 година*

Број на издадени платни налози (288) со *учество во вкупниот број на записници во извештајна 2019 година изнесува 0,6 %,* во однос на учеството на платни налози во бројот на записници за 2018 година изнесуваше 0,66 %, 0,78 % во 2017 година и во 2016 година *вкупниот број на записници изнесуваше* 3,4 %.

| година | Издадени платни налози | Наплатени платни налози |
|---|---|---|
| **2015** | 595 | 112 |
| **2016** | 360 | 121 |
| **2017** | 269 | 73 |
| **2018** | 297 | 87 |
| **2019** | 288 | 97 |

*Табела бр. 7 Издадени платни налози и наплатени за 2015, 2016, 2017, 2018 и 2019 година*




*Графикон бр.7-а Споредбени податоци на издадени и наплатени платни налози за 2015, 2016, 2017, 2018 и 2019 година*

Согласно прикажаните податоци во Графикон бр. 7 се забележува зголемување на бројот на издадени платни налози и зголемување на бројот на наплатени платни налози и тоа во однос на 2018, 2017и 2015 година, а во однос на 2016 е со иста % застапеност на наплетните платни налози во однос на издадените во истата година.

Во извештајната 2019 година се поднесени вкупно 213 барања за поведување на прекршочни постапки од кои 52 се поднесени до Комисија и 161 барање до Суд. *Учеството на поднесените барања за поведување на прекршочна постапка во однос на вкупниот број на записници, изнесува 0,44 %.*




*Графикон бр.8-а Споредбени податоци на поднесени барања за 2015, 2016, 2017, 2018 и 2019 година*

Бројот на **поднесени барања** во 2019 година (213) е за 18,3 % зголемен во однос на 2018 година (174) и за 26,76 % е зголемен во однос на 2017 година (156).

Бројот на **кривични пријави** (22) во 2019 година е намален за 31,81 % во однос на бројот на кривични пријави (29) во 2018 година и намален за 50 % во однос на 2017 година (33).

| Година | Извршени инспекциски надзори | Издадени решенија | Број на спроведени едукации | Издадени платни налози | Наплатени платни налози | Поднесени барања | Поднесени кривични |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **2015** | 34298 | 975 | 147 | 595 | 112 | 428 | 9 |
| **2016** | 10245 | 656 | 128 | 360 | 121 | 186 | 25 |
| **2017** | 34270 | 508 | 182 | 269 | 73 | 156 | 33 |
| **2018** | 44900 | 599 | 106 | 297 | 87 | 174 | 29 |
| **2019** | 47980 | 376 | 364 | 288 | 97 | 213 | 22 |

*Табела 8 Споредбени податоци на извршени ннадзори и инспекциски мерки за 2015, 2016, 2017, 2018 и 2019 година*




*Графикон бр.8-б Споредбени податоци на поднесени кривични пријави за 2015, 2016, 2017, 2018 и 2019 година*

Во извештајната 2019 година е извршено планирање на инспекциските мерки со вкупен број од 827 инспекциски мерки, а остварени се вкупно 1263 инспекциски мерка или остварено е 153 % повеќе од планираното (*Табела приказ бр. 6*)

Во извештајната 2019 година надлежните инспектори за земјоделство имаат составено вкупно 79 записници од одземени или привремено одземени предмети. За сторените прекршоци спротивно на законските прописи, изречени се соодветни прекршочни мерки на сторената неправилност при што привремено одземените предмети се предадени во Агенција за управување со одземен имот.

| Табела бр. 9 | 2019 година | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Број на записници од извршени инспекциски надзори за одземање на предмета | Вид | Отрането | | | Привремено одземени предмети | | | Предадено на Агенција за управување со одземен имот | | | Уништено | | |
| | | kg | l | Броја | kg | l | Броја | kg | l | Броја | kg | l | Броја |
| 80 | Разни видови риба | 0.40 | | 17 | 520,2 | | | | | | 0.40 | | 17 |
| | мрежи, рибарски стап, чуварки, трски, струг и др.) | | | | | | 487 | | | | | | |
| 3 | тутутн | | | | 114 | | | | | | | | |
| 7 | пипер | | | | 8,770 | | | | | | | | |
| 1 | Овошни садници | | | 17,218 | | | | | | | | | |
| 1 | Семе | 72 | | | | | | | | | | | |
| 92 | ВКУПНО | 72 | 0 | 17,235 | 8,884 | 0 | 487 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 17 |

*Табеларен приказ бр. 9. Број на составени записници, видови и количина на одземени предмети во 2019 година*

#### 5.4.4. Инспекциски надзори по закони

Државниот инспекторат за земјоделство во 2019 година има постапувано согласно 16 законски акти со вкупно 47.980 составени записници од извршени инспекциски надзори, согласно кварталните извештаи, во кои спаѓаат и надзорите согласно Законот за Државниот инспекторат за земјоделство.

Државните инспектори во Државниот инспекторат за земјоделство постапуваат и по донесени програми во извештајната година и тоа:

Имплементацијата на Програмата за мониторинг во областа на производството, преработката, складирањето, дистрибуцијата, употребата и сообразноста на ѓубрињата, биостимулаторите и подобрувачите на својствата на почвата за **2019 година** (Службен весник на Р.М бр. 15/2019), ја координираше Фитосанитарната управа, а мострите ги земаа Државниот инспекторат за земјоделство, преку државните инспектори за земјоделство, додека лабораториските анализи ги спроведуваше акредитирани лаборатории, постапувајќи по *Законот за квалитет и безбедност на ѓубрива, биостимулатори и подобрувачи на својствата на почвата*. Од вкупниот број (82) на планирани мостри беа земени вкупно (56) мостри или реализирани се **вкупно 68 %** и тоа:

1. Мониторинг на **производство** на ѓубрињата, биостимулаторите и подобрувачите на својствата на почвата планирани 19 мостри - **земени 14 мостри** и

2. Мониторинг при **внатрешен промет** на ѓубриња, биостимулатори и подобрувачи на својствата на почвата, кој опфаќа земање на мостри од неоргански и органски ѓубриња, биостимулаторите и подобрувачите на својствата на почвата, како и исполнување на квалитет и сообразноста на компоненти со декларираните податоци планирани 63 мостри - **земени 42 мостри** (*Табеларен приказ 1 и 2 на планирани и земени мостри по типови на ѓуб*рива).

**1.**

| **Мониторинг на производство на ѓубрињата, биостимулаторите и подобрувачите на својствата на почвата** | | |
|---|---|---|
| **тип на ѓубре** | **вкупен број на планирани мостри** | **вкупен број на земени мостри** |
| еднокомпонентни неоргански ѓубрива (еден елемент) | 2 | 2 |
| двокомпонентни неоргански ѓубрива (два елементи) | 2 | 2 |
| трокомпонентни неоргански ѓубрива (три елементи N + P + K) | 5 | 5 |
| трокомпонентни неоргански ѓубрива со присуство на 1 секундарен макроелемент или микроелемент | 1 | 1 |
| трокомпонентни неоргански ѓубрива со присуство на 4 секундарни макроелементи или микроелементи | 3 | 2 |
| трокомпонентни неоргански ѓубрива со присуство на 6 микроелементи | 1 | 0 |
| органски ѓубрива | 5 | 2 |
| **Вкупно** | **19** | **14** |

**2.**

| Мониторинг при внатрешен промет на ѓубриња, биостимулатори и подобрувачи на својствата на почвата, кој опфаќа земање на мостри од неоргански и органски ѓубриња, биостимулаторите и подобрувачите на својствата на почвата, како и исполнување на квалитет и сообразноста на компоненти со декларираните податоци | | |
|---|---|---|
| **тип на ѓубре** | **вкупен број на планирани мостри** | **вкупен број на земени мостри** |
| еднокомпонентни неоргански ѓубрива (еден елемент) | 10 | 8 |
| двокомпонентни неоргански ѓубрива (два елементи) | 15 | 6 |
| трокомпонентни неоргански ѓубрива (три елементи N + P + K) | 10 | 10 |
| трокомпонентни неоргански ѓубрива со присуство на 1 секундарен макроелемент или микроелемент | 5 | 5 |
| трокомпонентни неоргански ѓубрива со присуство на 2 секундарни макроелементи или микроелементи | 5 | 3 |
| трокомпонентни неоргански ѓубрива со со присуство на 3 секундарни макроелементи или микроелементи | 5 | 4 |
| трокомпонентни неоргански ѓубрива со присуство на 4 секундарни макроелементи или микроелементи | 5 | 4 |
| органски ѓубрива | 8 | 2 |
| **Вкупно** | **63** | **42** |

******Табеларен приказ бр. 10 - Програмата за мониторинг во областа на производството, преработката, складирањето, дистрибуцијата, употребата и сообразноста на ѓубрињата, биостимулаторите и подобрувачите на својствата на почвата за 2019 година*

Согласно Програмата за фитосанитарна политика за 2019 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 15/19) и Програмата за спроведување на мониторинг во областа на производство, преработка, складирање, дистрибуција, употреба и сообразност на производите за заштита на растенијата и резидуи од производи за заштита на растенијата во производи од примарно земјоделско производство за 2019 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 15/19), а постапувајќи по **Законот за здравјето на растенијата** со составени вкупно **16835** записници од извршени надзори со учество од **35,08 %** во однос на вкупниот број на записници.

